HALKBANK

БАРАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИЈА И ПРИСТАП ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Име и презиме	
Контакт Телефонски број	
Контакт Електронска пошта	

Врз основа на член 17, 18 и 19 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, барам да бидам информиран за:

☐ дали се врши обработка на моите лични податоци?

Доколку се врши обработка на моите лични податоци барам пристап до информација за следното:

☐ идентитет и контакт податоци за ХАЛКБАНК

☐ целите на обработка и правната основа за обработка на личните податоци

☐ контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци

☐ категориите на лични податоци кои се обработуваат

☐ корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат моите лични податоци

☐ дали контролорот донесува одлуки со автоматизирана обработка на моите лични податоци и профилирање?

☐ предвидениот рок на чување на личните податоци

☐ кога личните податоци не се собрани од субјектот на личните податоци, во тој случај сите достапни информации за нивниот извор

☐ дали моите лични податоци се пренесуваат во трети земји или меѓународна организација?

☐ Увид во_____

(се одбележува со Х едно или повеќе од нотираните барања)

Место _____, _____ година

_____

Име, презиме и краток потпис

HALKBANK

Права на субјектот на лични податоци

Субјектот на личните податоци има право да добие информација од Халкбанк АД Скопје дали се обработуваат неговите лични податоци. Доколку се обработуваат, субјектот има право да добие пристап до следната информација: дали се врши обработка на неговите лични податоци, целите и правната основа на обработката на личните податоци, кои лични податоци се обработуваат, корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци, особено кога пренос се врши во друга земја; дали контролорот донесува одлуки со автоматизирана обработка на личните податоци и профилирање, рок на чување на податоците, изворот на податоците ако личните податоци се прибираат од трета страна

Халкбанк АД Скопје е должна да одговори на субјектот на лични податоци најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Халкбанк АД Скопје не го информира субјектот на лични податоци ако неговото барање е очигледно неосновано или прекумерно, особено ако истото се повторува во период покус од шест месеци. Доколку во однос на ваквото барање се постапи, во тој случува се наплатува надоместок во износ согласно обемот, сложеноста и времето потребно за обезбедување на информацијата или комуникацијата.

Пополнето и потпишано Барањето се доставува лично од субјектот на личните податоци во сите филијали на Халкбанк АД Скопје и/или преку електронско банкарство. Барањата што не се уредни нема да бидат предмет на разгледување.

Субјектот на личните податоци, има право да побара исправка на неговите лични податоци, доколку се погрешни или личните податоци да се дополнат, доколку се нецелосни. Халкбанк АД Скопје ќе ги дополни, измени, избрише или ќе го сопре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или не ажурирани, во рок од 15 дена од доставување на барањето.

Субјектот на личните податоци има право да побара неговите лични податоци да се избришат, при што личните податоци на субјектот ќе бидат избришани во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето. За да може да се избришат личните податоци на субјектот треба: повеќе да не се потребни за целта за која биле собрани; субјектот ја повлекол својата согласност и не постои друга законска основа за обработка; субјектот поднесе приговор на обработката, при што не постојат преовладувачки легитимни цели за обработката од страна на банката; личните податоци биле незаконски обработувани; личните податоци треба да бидат избришани заради почитување на законска обврска на банката.

Субјектот на личните податоци има право да побара ограничување на обработката на неговите лични податоци, доколку: се оспорува точноста на личните податоци од страна на субјектот; обработката е незаконска, но субјектот на личните податоци се спротивставува на бришење на личните податоци, наместо тоа бара ограничување на обработката; кога банката нема повеќе потреба од личните податоци, но субјектот на личните податоци ги бара за остварување или одбрана на правните барања; субјектот на личните податоци приговара на обработката на личните податоци, обработката се ограничува до верификација дали легитимните интереси на банката преовладуваат над интересите на субјектот на личните податоци.Кога обработката на личните податоци е ограничена, понатамошна обработка на тие лични податоци може да се врши само со согласност на субјектот на личните податоци, или за остварување и заштита на неговите правни барања или за заштита на правата на друго физичко или правно лице или за работи од јавен интерес. Халкбанк АД Скопје ќе го информира субјектот пред да престане ограничувањето на обработката.

Субјектот на личните податоци има право да ги добие неговите лични податоци во структуриран, вообичаено користен, машинско читлив формат, при што има право да ги пренесе на друг контролор доколку: обработката е заснована на согласност на субјектот за обработка на неговите лични податоци; за исполнување на договор каде субјектот на личните податоци е договорна страна, односно за преземање на активности на барање на субјектот на личните податоци пред склучување на договорот; ако обработката се врши на автоматизиран начин. Правото на преносливост на субјектот на личните податоци не се однесува на преносливост на обработката на личните податоци за работи од јавен интерес или службено овластување на банката.Субјектот на личните податоци го задржува правото на бришење личните податоци по извршеното пренесување на неговите лични податоци од еден контролор на друг.

Субјектот на личните податоци има право да поднесе приговор во секое време за некоја ситуација поврзана со него, при обработка на личните податоци за работи од јавен интерес; при обработка на личните податоци за легитимни интереси на банката; при профилирање поради работи од јавен интерес или поради легитимни интереси на банката, како и поради директен маркетинг. Кога субјектот чии лични податоци се обработуваат, ќе поднесе приговор банката ја запира обработката и не може повеќе да ги обработува личните податоци за горенаведените цели, доколку не докаже дека легитимните интересите на банката за обработка на личните податоци преовладуваат над интересите, правата и слободите на субјектот.

Субјектот на личните податоци согласно има право да не биде предмет на одлука заснована на автоматизирана обработка на личните податоци или профилирање на субјектот. Автоматско донесување на поединечни одлуки за субјектите на личните податоци и профилирање е дозволено доколку: одлуката е потребна за склучување или извршување на договор помеѓу субјектот и банката; автоматско донесување на поединечни одлуки или профилирањето е дозволено со закон кој се применува во однос на банката; автоматско донесување на поединечни одлуки или профилирањето се заснова на согласност на субјектот на лични податоци. При автоматско донесување на поединечни одлуки и профилирање банката му обезбедува на субјектот на личните податоци право на изразување на личен став во врска со одлуките, човечка интервенција, како и право на оспорување на одлуката.